Република Северна Македонија
**Министерство за правда**

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

Архивски бр. 08-1476/1
датум 06-07-2026

# ЗАПИСНИК
# ОД НАДЗОР ВО ОСНОВЕН СУД КУМАНОВО

Министерот за правда со решение бр. 08-527/1 од 25.02.2026 година согласно член 84 ставовите 3, 4, 5 и 6 од Законот за судовите и членот 14 од Законот за управување со движењето на предметите во судовите („Службен весник на РСМ“ бр. 42/20) формираше Комисија за надзор над примената на одредбите од Судскиот деловник и надзор над спроведувањето на одредбите од Законот за управување со движење на предметите во судовите, за 2026 година.

Комисијата за надзор на ден **06.04.2026** година во **10:00** часот, согласно Планот за надзор бр. 08-2554/1 го започна надзорот во **Основен суд Куманово** за контролниот период од 2024 до 2026 година, односно за периодот од последниот увид на Комисијата за надзор во 2024 година до 2026 година.

Комисијата изврши увид во судот во присуство на претседателката на судот Снежана Манев, судскиот администратор Марта Крашовиќ и раководител на одделение за информатика Новица Арсовски. Нецат Мемети, претседател на граѓански оддел и заменик претседател на суд и судија Маја Денковска, претседател на кривичен оддел.

Во судот се сместени Државното правобранителство Куманово и Основно јавно обвинителство Куманово. Препораките за самостојно сместување на судот во судската зграда и обезбедување на сместување за другите државни органи не е исполнета и продолжува да важи.

Претседателката на судот презела повеќе активности во насока на подобрување на работата на судот и надминување на претходно дадените препораки од страна на Комисијата за надзор.

Во однос на одредени точки од записникот, беа доставени забелешки и дообјаснувања од страна на судот кои се дадени во прилог на овој записник.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

# ОПШТИ ПОДАТОЦИ И СОСТОЈБА НА СУДОТ

## 1. Програма за работа и достава на извештај за работа

Претседателката ја подобрила работата во судот, постапила по препораките, донела план за работа и доставила извештај за работа.

План за работа 04 Су 142/25 од 26.02.2025 година, 04- Су - 95/26 од 30.03.2026 година извештај за работа 03-Су -67/25 од 26.02.2025 година, 03-СУ 98/26 од 30.03.2026 година

## 2. Број, вид на судски оддели со број на судии кои постапуваат по предметите (имиња и област по кој постапуваат) (член 66 СД)

Во судот постапуваат 22 судии, но реално со 25 судии судот би функционирал оптимално. По систематизација се предвидени 34 судиски места.
Кривичен оддел со девет судии, четворица кривично, четворица прекршоци и еден извршување на санкции и малолетници.
Во граѓанскиот оддел се 11 судии, шест судии во општо граѓански спорови, 4 на работни односи, 2 судии постапуваат по стечај и трговски спорови
Претседателката на судот во 2024 до април 2025 година судела во предмети од работни односи.

## 3. Годишен распоред на судии (дали е донесен до 31 декември тековната година за следната година) со сите измени на годишниот распоред на судии (колку пати е менуван), со записници за спроведената постапка (мислење од седница на судии и достава до сите судии 113 СД)

Су 04-1348/24 од 27.12.2024 година, Су 04 1348/24-1 од 05.03.2025 година заради враќање на судија, Су 04-1348/24-2 од 04.04.2025 година, заради избор на четири нови судии, Су 04-1348/24-4 од 25.04.2025 година, заради враќање на судија од породилно, Су 04-1348/24-5 од 25.06.2025 година заради враќање на судија по истек на мирување на функција, Су 04-1348/24-6 од 04.07.2025 година, се става вон сила претходна одлука заради тоа што нерамномерно било распределени во АКМИС

Су 04-1154/25 од 23.12.2025 година.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

ISO 9001 BUREAU VERITAS Certification

4. **План за годишен одмор на судиите (115 СД)**

Со распоред и решенија за одмор, во текот на месец мај 2025 година.

5. **Формирана служба за информатика како посебна организациона единица**

Има формирано одделение за информатика и во судот е вработен еден информатичар - раководител на одделение за информатика, вработен во 2010 година.
Поради голем број на вработени (околу 120) како и според обемот на работа во судот, еден информатичар е малку за овој суд. Неопходно е вработување на ваков кадар во судот.

6. **Формиран оддел за судска практика во судот**

Судија Арбенита Исмани Сакипи

7. **Формирана канцеларија за односи со јавноста (101 СД)**

Односи со јавност портпарол судија Зоран Соларски.

8. **Судски администратор и распределба на службеници (60 СД)**

Су 07-2/25 од 03.01.2025 година и Су 07-2/25-5 од 02.06.2025 година со распоред за кориснички групи Су 07- 2/25 од 03.01.2025 со повеќе измени согласно член 60 и 61 од Судски деловник заради измена на Годишен распоред за судии.
Одлука за администратор на Акмис Су 07-170/24 од 24.12.2024 година, Су 07-1/26-1 од 23.02.2026 година
Службена белешка Су 07-1/26-3 од 23.02.2026 година, на стручни службеници кои работат со судии, им се доделени уписници.

9. **Службени белешки за извршен редовен надзор над навремено и уредно извршување на работите во судот најмалку двапати годишно (член 17 СД) за 2024, 2025 и 2026 година**

Су бр-155/25 од 21.02.2025 година, Су бр.530/25 од 14.05.2025 година, Су 919/25 од 12.09.2025 година.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски “ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

ISO 9001 BUREAU VERITAS Certification

10. **Записници од одржани седници на судии на месечно ниво (член 19 и 22 СД) Записници од одржани седници на судски оддели доставени до претседателот на судот  (член 67 СД) увид во записници**

Кривичен оддел Су 89/25 од 04.02.2025 година, Су95/26 од 03.02.2026 година, Граѓански оддел Су 890/25 03.09.2025 година, Су бр.296/26 од 30.03.2026 година, Су бр.352/25 од 09.04. 2025 година.

Записници од одржани месечни седници на претседателот на судот со судии заведени во СУ уписник (член 19 и 22 СД) увид во записници
Су 258/26 од 17.03.2026 година, Су 659/25 од 18.06.2025 година, Су 1124/25 од 08.10.2025 година

11. **Статистички извештај за работата на судот доставен до Судски совет (член 84 од СД) со анализа за начин на решавање на решени предмети, одлуки на повисоки судови за предмети по правен лек и посебно издвоени податоци за застарени, стари и укинати предмети**

Редовно се доставуваат 03 Су 12/26-1 од 14.01.2026 година,  03 Су 167/25-1 од 11.06.2025 година.

12. **Извештај од повисокиот суд за работата на Основниот суд Куманово за 2024, 2025 и 2026 година**

Редовно се врши 03 - СУ 278/25 од 20.10.2025 година за посета во месец март 2025 година, но се уште не е доставен извештај од  посетата на 17.10 .2025 година. На ден 13.03.2026 година била извршена посета, но се уште не е доставен извештај.

13. **Надзор над работата на нотарите**

Претседателот на судот редовно одржува состаноци со нотарите и вршат контрола. Во текот на 2025 година со неколку состаноци расчистени се поголем број на предмети.
Службени белешки: Су 03-104/26- 1 од 01.04.2026 година, су 03-318/25 од 25.11.2025 година.


Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА АКМИС

**14. Организирани обуки на судии и судски службеници за користење на АКМИС (26 СД)**

Обуките на вработените во судот ги извршува информатичарот и тоа по потреба кога има нови вработени или новитети во системот.
Информатичарот редовно ги посетува специјализираните ИТ обуки во организација на Академијата за Јавни обвинители и судии.

**15. Преглед на информатичката опрема со која располага судот**

Во поглед на информатичката опрема со која располага судот известени сме дека дел од информатичката опрема е застарена. Мал дел од работните станици, околу 10-ти, се со оперативен систем win 7 кои треба да бидат сменети. Затоа, неопходна е набавка на нова информатичка опрема (персонални компјутери и принтери) за да се овозможи оптимална работа на судот.
Бројот на скенери ги задоволува потребите на судот. Имаат и резервни скенери.
Судот има нова и брза пасивна мрежа, која е обновена после пожарот во судската зграда во 2023 година. Сервер собата ги задоволува потребните стандарди.

**16. Список на судии и судски службеници распоредени по кориснички групи со степен на достапност до АКМИС, за контролираниот период (член 61 СД) На увид**

Извршен беше увид во списоците за контролниот период и констатирано е дека во судот постојат списоци за кориснички привилегии во АКМИС системот СУ-07-2/25-1 од 03.01.2025 и СУ-07-1/26-2 од 23.02.2026 годиина со четири измени на списоци поради промена на Годишен распоред за судска служба и за судии, и истите се уредно евидентирани во АКМИС системот.

**17. Внатрешни процедури за привилегии за АКМИС, за контролираниот период (член 61 СД)**

После извршениот увид, констатирано беше дека постојат внатрешни процедури за привилегии за работа со АКМИС системот.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

**18. Месечните распореди и времетраење на дежурства во судот, евидентирани во АКМИС за контролираниот период (116)**

Во судот редовно се организираат дежурства за кривични предмети, но и за граѓански предмети од семејно насилство уште од 2022 година.
Су 683/25-2 од 12.12.2025 година
Извршен е увид како хартиено така и во АКМИС системот. Исто така извршен беше увид и во календарот на дежурства во АКМИС и увидено е дека дежурствата уредно се внесуваат во календарот за дежурства.

**19. Скенирање на влезни документи**

Се врши скенирање на влезни документи, во сите писарници.

**20. Електронски прием на предмети од страна на судиите**

Редовно се врши електронски прием од страна на судиите, освен во оддел прекршоци каде има мал застој поради тоа што приливот на прекршочни предмети од МВР кон судот се доставува одеднаш, што создава застој бидејќи физички не може да се обработат навремено толкав голем број на предмети, ниту од страна на оддел ниту од страна на судии.

**21. Судски службеник задолжен за АКМИС, за распределба и прераспределба на предмети (негово физичко присуство 89 СД)**

Информатичарот во судот е администратор на АКМИС системот со Одлука за администратор на АКМИС. (СУ-07-170/24 од 24.12.2024 и СУ-07-157/25 од 25.12.2025 година).
Автоматската распределба и прераспределба на предмети ја извршува уписничар - водител на писарница на соодветната материја, и тоа секој ден во 14 часот за предметите кои пристигнале претходниот ден.

**22. Сите одлуки со образложена наредба за причини за исклучување на судија од распределба на предмети за 2024, 2025 и 2026 година (175 став 5 СД)**

Со Одлука од Претседателот на судот информатичарот во судот постапува по исклучување на судија од распределба на предмети. Направен беше увид во хартиена форма и во АКМИС систем (за 2025 и 2026 до денот на надзорот) на

следните одлуки по случаен избор: 04-СУ-138/25 од 20.02.2025, Су-04-243/25 од 05.03.2025, Су-04-1366/25-1 од 05.01.2026.
Одлуки за исклучување/вклучување се носат поради враќање на судии од долгорочно боледување, неплатен одмор, или нови судии.
Констатирано беше дека сите одлуки за прераспределба на судија се уредно заведени во АКМИС системот.

**23. Сите одлуки за повторна автоматска распределба на предметите заради изземање на судија, и одлуките за изземање за 2024, 2025 и 2026 година**

Направен беше увид во хартиена форма и во АКМИС системот на Решенија за изземање на судија за 2025 и 2026, кои не се во голем број. Во судот се изготвуваат Решенија за повторна автоматска распределба на предмет по претходно поднесено барање за изземање поради учество во претходна постапка, роднински и пријателски врски.
Беше направен увид по случаен избор во следните предмети СУ-ИЗЗ-1/25 од 15.01.2025, СУ-ИЗЗ-8/25 од 03.03.2025, СУ-ИЗЗ-21/25 од 22.04.2025, СУ-ИЗЗ-38/25 од 08.07.2025, СУ-ИЗЗ-40/25 од 21.07.2025, СУ-ИЗЗ-50/25 од 22.10.2025, СУ-ИЗЗ-54/25 од 28.11.2025, СУ-ИЗЗ-11/26 од 19.02.2026, СУ-ИЗЗ-2/26 од 14.01.2026 и СУ-ИЗЗ-5/26 од 02.02.2026.
Констатирано беше дека сите одлуки за изземање на судија се уредно заведени во АКМИС системот.

**24. Сите одлуки за рачна распределба на предмети од АКМИС за 2024, 2025 и 2026 година**

Нема рачна распределба на предмети во АКМИС во Основен суд Куманово. Сите предмети се распределуваат преку АКМИС системот.

**25. Уписници за кои ќе се оцени дека треба да бидат ставени на увид ќе бидат побарани за време на надзорот (Гр и Кр од бараниот период)**

Беше извршен увид во АКМИС за случајно одбрани предмети за контролираниот период:

- ПРК-Ј-75/25 - поднесен и примен на ден 14.03.2025 година, автоматски распределен на ден 28.03.2025 година, примен кај судија на ден 21.03.2025


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски “ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

година и прераспределба автоматска на ден 21.07.2025 година поради изземање

- КСП-13/25 - поднесен, примен, распределен со копче судија затоа што е итен предмет и примен кај судија на ден 03.03.2025 година, и прераспределен автоматски на ден 04.03.2025 година со Решение за изземање;
- П2-104/25 - поднесен и примен на ден 16.04.2025 година, автоматски распределен на ден 17.04.2025 година, примен кај судија на ден 22.04.2025 година, и прераспределба автоматски на ден 23.04.2025 година со Решение за изземање;
- ВПП2-54/25 - поднесен и примен на ден 15.08.2025 година, распределен со копче судија и примен кај судија на ден 15.08.2025 година, прераспределба автоматски на ден 18.08.2025 година поради Одлука на претседател заради завршување на судска ферија;
- К-471/25 - поднесен и примен на ден 26.08.2025 година, автоматски распределен на ден 27.08.2025 година, примен кај судија на ден 01.09.2025 година и прераспределба автоматска на ден 22.10.2025 година со решение за изземање;
- ВПП2-62/25 - поднесен и примен на ден 26.09.2025 година, распределен со копче судија истиот ден и примен кај судија на ден 29.09.2025 година;
- РО-555/25 - поднесен, примен и автоматски распределен на ден 15.08.2025 година и примен кај судија на ден 21.08.2025 година;
- К-ООА-125/25 - поднесен на ден 10.12.2025 година, примен на ден 13.01.2026 година, автоматски распределена на ден 14.01.2025 година и примен кај судија на ден 15.01.2026 година;
- ПРК-С-2939/25 - поднесен на ден 06.10.2025 година, примен на ден 08.10.2025 година, автоматска распределба на ден 09.10.2025 година, примен кај судија на ден 13.10.2025 година, прераспределба автоматска на ден 12.01.2026 година по одлука на претседател и прераспределба автоматска на ден 19.02.2026 година поради изземање;
- РО-57/26 - поднесен и примен на ден 29.01.2026 година, распределен со надоврзување на ден 29.01.2026 година, примен кај судија на ден 30.01.2026 година, прераспределба автоматски на ден 02.02.2026 година согласно Решение за изземање;
- МАЛВП-35/26 - поднесен и примен на ден 27.02.2026 година, автоматски распределен на ден 02.03.2026 година и примен кај судија на ден 04.03.2026 година и


Министерство за правда на
Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски “ бр. 9, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

- П4-23/26 - поднесен и примен на ден 09.03.2026 година, распределен со надоврзување на ден 09.03.2026 година и примен кај судија на ден 10.03.2026 година.

На денот на надзорот има два предмети со поголем број на обиди на ист датум ПРК-С-1/25 и КС-КР-325/25.

- ПРК-С-1/25 - Со одлука на Претседател на судот СУ-04-1354/24 од 30.12.2024 година, а согласно Годишниот распоред за работа за 2025 година во уписниците од прекршочна област се врши вклучување на еден, а се исклучуваат двајца судии од автоматска распределба од АКМИС се до постигнување на нивелирање на бројот на предмети. И покрај исклучувањето, при распределба на предметот во Одделот за прекршоци на два пати системот го давал исклучениот судија и дури на третиот обид бил распределен кај вклучен судија.
- КС-КР-325/25 - Станува збор за предмет од итен карактер за донесување на одлука по жалба од страна на осудено лице во кривичен совет, за кој вид на предмет Законот предвидува постапување во рок од 3 дена. Првично АКМИС системот предметот го доделил за постапување кај судија кој кој бил отсутен на крајот на тој ден и во текот на целата идна работна недела заради користење на годишен одмор, извршено е бришење на понудениот судија и повторно била извршена „рачна распределба“ која се користи при распределба на итни предмети и по понудување на друг судија од страна на системот распределбата била потврдена. Ваквото постапување е согласно Внатрешните процедури како и писменото известување од Работното тело при врховниот суд на РСМ на кој начин да с епостапува при распределба на итен предмет кога е потребно од оправдани причини истиот да биде прераспределен истиот ден.

**26. Увид во предмети кои на денот на надзорот треба да бидат распределени, по уписник (број на предмети и датум на заведување и време на распределување)**

Сите предмети кои се примаат во судот се заведуваат наредниот работен ден, освен итните предмети. На денот на надзорот имаше 103 примени предмети од претходниот ден за кои треба да бидат направена автоматска распределба во 14 часот.

ISO 9001 BUREAU VERITAS Certification

## 27. Уписници што се водат во хартиена форма

Нема уписници во хартиена форма.

## 28. Користење на тонско снимање и опрема за тонско снимање

Во судот има 10 судници, од кои опрема за тонско снимање на предмети во граѓанска постапка е инсталирана во 5 судници.  Тонското снимање се користи, но има сериозна забелешка дека процесот на снимање го успорува процесот на работење на судот и одзема многу време.
Во 2025 година реализирани се околу 1600 тонски снимања, а до денот на надзорот, за тековната 2026 година извршени се околу 300 тонски снимања.
Информатичарот доставува месечни извештаи за функционалноста на опремата за тонско снимање и евентуални технички проблеми до Претседателот  на судот.
Претседателот на судот редовно секој месец го известува Судски совет за точниот број на реализирани судски рочишта со тонско снимање и извештај за стари предмети. И дополнително секој судија до Претседателот на судот доставува извештај со завршени предмети, заедно со петтата копија на ЦД од реализирано тонско снимање.

## 29. Електронска достава

Електронска достава редовно се врши кон најголем дел од адвокатите. Има реализирани околу 10.000 електронски достави во периодот од ноември 2024 до денот на надзорот.
Од ноември 2025 година интензивирана е електронската достава, откако Претседателот на судот во октомври 2025 година организирал состаноци со сите адвокати во Куманово, и во моментот останати се само еден или двајца адвокати кои немаат електронско сандаче.
Доставна служба од судот врши достава во град Куманово заедно со сите приградски населби. Преполовена е сумата која се плаќа за поштарина. Во моментот во судот има 7 доставувачи и курири, од кои двајца наскоро ќе се пензионираат.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски “ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2  3116 493
www.pravda.gov.mk

## ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА РАБОТНО ТЕЛО

**30. Одлука за формирање на работно тело за управување со движење на предметите во судот за 2024, 2025 и 2026 година (член 16 СД)**

Су 04 – 1242/24 од 24.12.2024 година, Су 04- 1278/25 од 26.12.2025 година.

**31. Годишен план за управување со движењето на предметите за 2024, 2025 и 2026 година по предлог на работното тело**

Су 04-2/25 од 03.01.2025 година, Су 04 158/26 од 03.04.2026 година.

**32. Внатрешни процедури**

Су бр.04-1/25 од 03.01.2025 година, Су 04-157/26 од 03.04.2026 година.

**33. Сите месечни извештаи на работното тело во судот доставени до претседателот на судот за спроведување на годишниот план за управување со движењето на предметите во судот со констатирани недоследности, образложени причини за настанување на истите и предлог мерки за нивно надминување (член 8 од ЗУДПС)**

Су 07-128/25 од 01.08.2025 година Су 07-05/26 од 06.02.2026 година.

## ДРУГИ ОПШТИ ПОДАТОЦИ

**34. Информирање на јавноста за резултатите од работењето на судот и судиите (најмалку еднаш годишно) за контролираниот период**

Судот во 2025 година бил ажурен суд. На веб страницата на судот се обезбедуваат секојдневни известувања во врска со работата на судот.

**35. Огласна табла на судот**

Има огласна табла на влез во судот. На веб страната на судот има огласна табла на која се објавуваат информации.

**36. Простории за судии поротници и за адвокати**

Нема, од причина што во судот се сместени и другите канцеларии.

**37. Објавени правосилни судски одлуки на веб страната на судот за 2024, 2025 и 2026 година**

Редовно се објавуваат на веб страната на судот.
После извршената анонимизација на одлуките од страна на судски службеник и после извршената синхронизација на податоците од АКМИС системот кон Врховен суд, се објавуваат на веб страната на судот.
Бројот на објавени анонимизирани одлуки на веб страната на Основен суд Куманово за 2025 година е 192 одлуки, односно 342 одлуки за целиот контролиран период.

**38. Архива**

Инспекциски надзор ИП/1 бр.16-98 од 09.12.2025 година, со Решение ИП/1 бр.16-98 од 10.12.2025 година со опомена за судот и потреба за отстранување на неправилностите.
Решение Су 04-14/26 од 05.02.2026 година за формирање на комисија за одбирање на документиран материјал.
Судот започнал со лачење на архивата и средување на документацијата. Сепак, останува како најголем предизвик за судот.

| ПРЕДИЗВИЦИ СО КОИ СЕ СООЧУВА СУДОТ |
| --- |

**39. Прашања за кои претседателот на судот, судскиот администратор или судската служба при вршењето на работите во судот можат да укажат дека им го отежнуваат работењето во врска со АКМИС или општо ефикасното работење на судот.**

Стар, успорен АКМИС,
Од судот - Во однос на работењето во врска со АКМИС, истиот целосно се применува во секој вид на постапување во Основен суд Куманово, но очигледно е дека системот во одредени области е „застарен" па се појавуваат проблеми во смисла на кочење на системот, потреба од негово рестартирање, долго време додека да се активира

определен дел од апликацијата и сл. Системот навреме не се ажурира со потребните податоци како на пример основи за постапување особено во кривична постапка, потоа нецентрализиран систем за податоци за електронски сандачиња за вршење на електронска достава поради што или воопшто не може да се врши електронска достава на определени адвокати или мора да се пристапи кон рачно внесување на податоци за да може да се изврши ваква достава.

Што се однесува на проблемите во врска со општо ефикасно работење на судот, истите се првенствено во областа на недоволен број судски службеници како резултат на отсуство на согласност за вработување веќе три години, во тој период поголем број службеници оствариле право на старосна пензија или дале отказ на работното место често од причина што платата е ниска и наоѓаат нова работна позиција со повисоки приходи. Конечно во судот недостасуваат судски референти - дактилографи и со оглед да истите се во помал број од бројот на судиите, секоја недела дел од судиите немаат на распоред кај нив судски референт - дактилограф и не одржуваат судења во таа недела. Понатаму, поголем проблем е и недостаток на доставувачи кои со оглед на територијата на Општина Куманово се во мал број и доставата едноставно не може да постигнат навремено да ја извршат целосно. Проблем претставува и доставата преку пошта која е скапа при што во рок од една година на три пати се покачени цените за достава на судските пратки, а од друга страна истата често не се враќа уредно или воопшто не се враќа повратница за извршена достава.

Увидот заврши на ден 06.04.2026 во 13:30 часот.

Прилог: Одговор од судот


Министерство за правда на
Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

**ОСНОВЕН СУД КУМАНОВО**
**СУ - 03 - 95/26-2**
**30.06.2026 година**
**- К у м а н о в о -**

**До Министерство за правда на РСМ**
**-За Комисијата за надзор**

**Предмет**: Произнесување по доставен Записник за извршен надзор

Почитувани,

По однос на Записникот од надзор во Основен суд Куманово, доставен по електронски пат на ден 26.06.2026 година, за извршен надозор во судот на ден 06.04.2026 година, истиот генерално е прифатлив за Претседателот на судот, со следните исклучоци и забелешки:

1. Во воведниот дел на Записникот и тоа последен пасус, Комисијата за надзор констатира дека Претседателката на судот презела повеќе активности за подобрување на работата на судот и надминување на претходно дадените препораки, како и тоа дека останува впечатокот за несогласност со Судскиот администратор за што Комисијата апелира да се надминат недоразбирањата и да се одржуваат коректни односи во рамки на законските надлежности.

Како Претседател на судот имам забелешки во делот за несогласност со Судскиот администратор и сметам дека ваквата констатација е недоволно јасна.

Имено, не е прецизно и јасно наведено на чија страна е одговорноста за овие несогласности и недоразбирања, дали и каде евентуално греши Претседателот на судот, односно дали и кои одредби од Законот и Судскиот деловник евентуално ги има прекршеноо. Ова особено затоа што на Комисијата и беа предочени дописите до Судскиот администратор со кои Претседателот на судот, по претходни состаноци и мислења од Претседателите на одделите, како што впрочем се носат сите одлуки за поважни прашања во судот, повикува и бара поинтензивна работа од судската служба преку јасен план и организација за користење на годишните одмори и бара извештаи за сработеното и соработка со Судскиот администратор.

Предвид на горното, барам Комисијата на јасен и недвосмислен начин да ги искаже своите согледувања, забелешки и препораки во овој дел, односно јасно да наведе каде конкретно греши Претседателот на судот и што треба да преземе или да корегира, дали и каде греши Судскиот администратор и што треба да преземе. Во спротивно, без јасни и конкретни забелешки и препораки Претседателот на судот нема да може да постапи по насоките на Комисијата во овој дел, како што претходно има постапено согласно на јасни препораки и укажувања, а кое нешто е констатирано во извештајот.

2. Понатаму, во точката 20. од Записникот е наведено дека во одделот за прекршоци има мал застој поради тоа што приливот на прекршочни предмети од МВР кон судот се доставува одеднаш, што создава застој бидејќи физички не може да се обработат навремено толкав голем број на предмети, ниту од страна на одделот ниту од страна на судии.

Сметам дека ваквата констатација е делумно точна, точно е дека има голем прилив на прекршочни предмети, меѓутоа застојот не може да се припише единствено на големиот прилив на нови предмети, со оглед дека во прекршочната писарница се распоредени петмина судски службеници што е доволно за навремено и ажурно постапување.

Главна причина за застојот, како што беше предочено од моја страна на Комисијата, е поради ненавременото и неажурно постапување на судските службеници во прекршочна писарница, каде постојано се земаат боледувања и денови од годишен одмор во текот на целата година, без јасен план и организација.

Поради ова, имаше огромен бројна прекршочни предмети решени уште во 2022, 2023, 2024 и 2025, по кои воопшто не е постапувано од судските службеници, не се спојувани доставници, не е вршена повторна достава, не е сметана правосилност и не се изготвувани налози за извршување, па поради тоа што претеше застареност на прекршочно гонење како и застаренот на извршување на изречените прекршочни санкции, од крајот на минатата и во текот на оваа година се спроведува акција за совладување на заостатокот во прекршочната писарница, што пак повлече голем прилив на нови предмети за извршување на санкции, поради што судот не е успешен и на месечно ниво не го совладува приливот, иако најголем дел од судиите ја совладуваат нормата, а добар дел од нив решаваат предмети и повеќе од предвидената норма.

3. По однос на т.38 од Извештајот која се однесува на Архивата на судот, каде Комисијата го констатира Решението за инспекциски надзор ИП/1 бр.16-98 од 10.12.2025 година со опомена за судот и потреба за отстранување на неправилностите и констатира дека судот започнал со лачење на архивата и средување на документацијата, Ве известувам за следното:

Рокот за постапување по изречената опомена истече на 12.06.2026 година, меѓутоа средувањето на Архивата не е завршено за дел од периодот 2000-2010 година, опфатен со опомената, што најверојатно ќе резултира со казна за судот и за Претседателот на судот како раководно лице, кој иако вложи огромни напори, сепак не успеа да се испочитува дадениот рок.

Имено, досега се доставени Листи на архивски материјал за 2010, 2009, 2008, 2007, 2006, 2005, 2004 и 2003 година, а е добиена согласност и е уништен документарен материјал за 2010, 2009, 2008, 2007, 2006 и 2005 година.

Не се доставени листи на архивски материјал за 2002, 2001 и 2000 година, поради што не е побарано уништување на документарен материјал за наведените години, а по однос на 2004 и 2003 година, иако за овие години се доставени Листи на архивски материјал и е среден документарниот материјал, сепак Комисијата за одбирање на документарен материјал се уште го нема изготвено пописот на документарен материјал, поради што се уште не сме побарале согласност за негово уништување.

Причините за непостапување по изречената опомена во дадениот рок се лошата организација на судската служба што е во надлежност на Судскиот администратор, како и несериозниот и неодговорен пристап на поголем дел од вработените кон важноста и сериозноста на изречената опомена и користење на годишните одмори без јасен план и организација за нивно користење, како не би трпела работата на судот.

Предвид на сето горенаведено, бараме Комисијата да ги разгледа дадените забелешки од наша страна и да го дополни Записникот согласно истите.

**Претседател на Основен суд Куманово**
**С у д и ја**
**Снежана Манев**